на Историскиот архив во Задар, непосредно по војната. Потоа укажа на значењето на некои од трудовите (Racta и Конавска буна), укажувајќи со тоа на обичајот на славеникот да ги изучува овие настани од хрватската историја, кои се и дел од европската историја.

На крајот на свечениот собир, на присутните им се обрати и славеникот. Во краткиот говор, се заблагодари на укажаната чест, на Историското друштво во Задар и на присутните кои со својата бројна присутност му оддале чест. При тоа посебно укажа на важноста на изучувањето на историјата, бидејќи како еднаш во еден момент на восхит рече, цитирајќи ги зборовите на еден од значајните интелектуалци во Загреб и Хрватска во 19 век, Велимир Гај... „народ без историја, тоа е како орел без крила".

По завршениот свечен собир, проф. Радомир Јуриќ, најави предавање на кадемикот Радослав Катичиќ, претставник на Славистичкиот семинар во Виена, под наслов „Почетоците на хрватската историографија како филолошки проблем". Треба да се истакне, дека академикот Катичиќ во таа прилика изјави дека предавањето не само што му го посветува на славеникот, туку е и поттикнат од некои негови трудови од наведената проблематика, па затоа решил и да го одржи ова предавање.

По одржаното предавање во новите изложбени простории на Научната библиотека во Задар, беше отворена изложба на одбраните научни и стручни трудови на д-р Антолјак. Во оваа прилика д-р Весна Цестраиќ, виш научен соработник во Институтот на ЈАЗУ во Задар одржа пригодна беседа.

И на крајот да додадеме дека професор д-р Стјепан Антолјак, со својот досегашен научен опус навистина покажа дека за него може да се рече дека е еден од последните неимари не само на хрватската туку и на југословенската историографија, чијшто работен елан не престанува и по неговото заминување во пензија. Впрочем, бројните јавни признанија, коишто славеникот ги добил за својата долгогодишна работа, покажуваат каков научен углед и почитување има славеникот не само во задарското, хрватското туку и во останатите југословенски подрачја, каде што делувал и сè уште делува.

Фрањо СМИЉАНИЌ

(Превел од хрватскосрпски јазик Благој СТОИЧОВСКИ)

Реч при промоцијата на Зборникот на трудови **„САМОУПРАВАТА ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА — Од македонското национално-ослободително движење до АСНОМ"**, Делчево, 1985, 124.

Почитувани другари и другарки, колеги и колешки!

Ја имам повеќе од ретката чест, чест но истовремено и нескриено задоволство на овогодишната манифестација „ГОЦЕВИ ДЕНОВИ" да ги претставам минатогодишните резултати од нашиот научен собир.

Со појавувањето на оваа книга — Зборник на соопштенија (микростудии, расправи, аналитички статии), групирани околу централната тема на минатиот научен собир „САМОУПРАВАТА ВО МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИЈА“, ја подновивме новата и современата историографија со едно вредно и полезно дело.

Со право веруваме дека Советот на манифестацијата „Гоцеви денови“ ке истрае во настојувањата за претворување на досегашните три собири во традиција во годините што се пред нас — традиција племенита и инспиративна на која би се собирале новите генерации историчари, правници, политички писатели. Со ветераните на македонската и на југословенската наука — професорите Христов, Андонов-Пољански, Зографски, академикот Пандевски настапуваа и до сега — со запазени реферати Владо Поповски и други претставници на помладата генерација македонски научници.

Почитувани колеги!

Зборник на трудови обично асоцира на тематска дифузност, ми се чини дека презентираните прилози во овој Зборник го докажуваат спротивното. Со анализите на самоуправата на Кресненското, Илинденското востание и на Крушевската република (Томе Момировски), се придружуваат и подетални, егзактни анализи на Манол Пандевски за месната самоуправа во програмите на македонската револуционерна организација од август 1908; Христо Андонов-Пољански, како и секогаш, ерудитски ги прикажува идеите и предлозите за македонската самоуправа во меѓународната јавност во 1903—1904 година. Орде Ивановски се задржува на пропагирањето на идејата за македонската автономија на Димо Хаџи Димов, „марксистичкиот револуционер“, „социјалист-комунист“, како што тој го наречува, со сите негови заблуди.

Собирот се одржа на 40-годишнината од втемелувањето на Македонија врз принципите на АСНОМ, како рамноправна федерална единица на демократска федеративна Југославија. Колегата Владимир Митков го анализира историското и државно-правното значење на актите на првото заседание на АСНОМ. Како што се гледа, собирот, па и собраните трудови, ги карактеризира пристап со историска длабочина. Временската амплитуда на третираните прашања достигнува од почетокот на македонското национално-ослободително движење до АСНОМ. Таа ретроспективна анализа во прилозите на истакнатите истражувачи, јавни работници и политичари, комплексноста во пристапот и степенот на аргументираноста во изнесените тези, повеќе од успешно, го осветлува тој долг пат на борбата на Македонците во Отоманската империја за остварување автономија, со крајна цел за остварување своја сопствена државност. Тоа воедно бил и пат на сопствен опстанок на овие балкански ветрометини; пат за стекнување искуства во процесот на осознавањето на сопствената самобитност; ставање до знаење на светот за македонскиот проблем и патиштата за неговото решавање.

Не можеме а да не истакнеме уште неколку карактеристики на овој Зборник. Делото има интердисциплинарен третман на една

сложена и голема историска појава. Проф. Христов, спојувајќи го историско-правниот пристап, ќе укаже на општествено-историските рамки на дејствијата во периодот 1883 — 1912 година, а потоа го анализира настанувањето на самоуправните форми во процесот на преземањето на власта во Македонија во означениот временски период, судските функции на органите на ВМРО, настанувањето на револуционерниот правен поредок како и новата фактичка власт.

Една од карактеристиките на овој Зборник се и компаративните прилози. Компаративната анализа одсекогаш била непријател на еднострончивоста, апсолутизацијата на сопственото искуство, воочување на врските што спојуваат и спорните прашања што ги разделуваат; објективната и коректна компаративна анализа е противник на секаков изолационизам, натпреварување, присвојување место во историјата, на псеудоисториските аргументи. Томе Момировски ја споредува Париската комуна и Крушевската република, а проф. Владимир Картов Октомвриската револуција и правото на македонскиот народ на самоопределување. Во анализата на резолуцијата проф. Христо Андонов-Полјански воочува терминолошки разлики помеѓу самоуправата и автономијата, како форми на самовладеење. Владо Поповски врши паралелна анализа: Уставот на востаничкиот комитет, донесен во текот на Кресненското востание 1878—9 година и Уставот на македонската лига за државното уредување на Македонија од 1880 година; тој појдува од фактот дека во првиот Устав политиката на автономија е поцелосна во своето значење во рамките на северена држава, за разлика од Уставот на Македонската лига во кој самоуправата е предвидена само како степен на политичка автономија. Македонија се предвидува како држава на македонскиот народ и на другите национални групи — или дословно „Македонија е заедничка татковина". Уставот на Македонската лига признавал пет религии и шест цркви. Анализираните документи откриваат настојувања за прогресивни социјални и политички решенија; за нивото на промени што големиот визионер на Србија и Балканот во тоа време — Светозар Марковиќ ги нарекувал „самоуправна револуција".

Со прашањата за јавното мислење, анализа на печатот, реагирањето на меѓународната јавност за македонското прашање и со сите балкански сплетки од 1878 до 1912/13 година на минатогодишниот собир се занимава — покрај споменатиот прилог на проф. Полјански и еден војводински историчар, проф. Александар Фориштковиќ. Овој инвентивен дух ги посветил своите луцидни запазувања за видувањата на балканските состојби на Лав Давидович Бронштајн — Троцки, кој од Виена известувал за разни руски и европски новини во времето од 1907 до 1914 година. Троцки само на балканските војни им посветил 38 текстови од различен жанр: есеи, статии, репортажи.

Историографските прилози во Зборникот обилуваат со изобилство концепции, идеи, облици на борби содржани во историјата на македонското националноослободително движење: скоро е неверојатно колку многу сличности

постојат помеѓу институциите на разните југословенски народи, се забележуваат најразновидни форми на единствени националноослободителни и социјалноеманципаторски тенденции. Еден од учесниците на минатогодишниот собир, чиј прилог е објавен во Зборникот, другарот Лазар Мојсов, има во соочувањето со оваа богата емпирија инспиративно излагање, кое содржи хуманистички и општојугословенски пораки. Тој ги разликува општествените сили според критериумот на класниот пристап кон општествените појави во поблиското и подалечното минато. Без оглед на сите особености во развитокот, сите југословенски народи имале истоветни тежненија, кога станува збор за националната слобода и социјалниот напредок. Тој истакнува дека заедно со асимилаторската тенденција на буржоазијата на балканските народи настапувала и револуционерната традиција на бугарскиот, албанскиот и грчкиот народ. Борбата за самоуправа доведува до АСНОМ кој ги поставува основите на Македонија како неразделен дел на Југославија.

Борба со вистина е најдобриот пат против тие што сакаат да ја минимизираат или да ја крадат историјата, да ги прекројуваат историските факти, да го задржуваат македонскиот народ во анонимност. Меѓутоа, кога историјата ќе се разоткрие во својот автентичен вид тогаш постанува лесно воочливо дека македонскиот народ бил во матицата на збиднувањата со најнапредните сили на останатите југословенски народи во минатото и во првата половина на нашиов век.

* * *

Иако не голем по својот обем нашиот Зборник се покажа како мајдан за идеи од богатото минато на националноослободителното движење на македонскиот народ. Веруваме дека и наредниот зборник — посветен на проблематиката на борбата за правото на самоопределување на Македонците нема да ги изневери очекувањата.

Благодарам на вниманието.*

Бранко ПЕТРАНОВИЌ
(Превел од српскохрватски јазик
Јован С. СТОЈАНОВСКИ)

---

* Зборникот ги содржи иприлозите на д-р Владо Оштриќ, „За револуционерното движење на пролетаријатот во нашата земја и самоуправата“; МладенМатиќ, „Макотрпен пат до слободата“, и на Бранко Петрановиќ„За АВНОЈ и другите државни и политички органи во движењето на отпорот 1939—1945”.